# СОВЕТНИК КОЈ ПОВИКА ЗА ЗАБРАНА НА ГЛАСАЊЕ НА РОМИТЕ САНКЦИОНИРАН ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА



**Брисел, Скопје, 4 мај 2026**: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на Северна Македонија донесе одлука против советникот Љубе Темелков, утврдувајќи дека неговиот повик Ромите да им се „забрани да гласаат" претставува незаконско вознемирување. Одлуката, донесена на 28 април 2026 година, претставува победа против јавниот, кодиран говор на омраза, бидејќи Комисијата експлицитно признала дека употребата на историски навредливи термини и нејасен јазик за таргетирање на Ромите не ги штити јавните функционери од одговорност.

На 20 октомври 2025 година, Темелков објавил публикација на Фејсбук во која навел дека „*на Ромите треба да им се забрани да гласаат*". По тоа следувале видео и дополнителни објави со кои ромските заедници биле таргетирани со дополнителни навредливи и деградирачки забелешки, прикажувајќи ги Ромите како недостојни граѓани. Во својата одлука, Комисијата заклучила дека постапувањето на Темелков претставува вознемирување согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Утврдено е дека неговите изјави го нарушуваат достоинството на Ромите и создаваат деградирачка, непријателска и навредлива средина.

Бидејќи Темелков не се произнесол по барањето на Комисијата, одлуката е заснована врз самиот видео доказ. Комисијата идентификувала клучни моменти во снимката, во кои Темелков повикал

Ромите да „им се извинат на Македонците" и сугерирал дека тие не се достојни граѓани, како јасен и доволен доказ.

Пресудата ги истакнува неколкуте дискриминаторски елементи, вклучувајки повици за ограничување на правото на глас на Ромите и јазик со кој Ромите се прикажани како закана. Комисијата утврдила два отежнувачки фактора. Прво, утврдено е дека случајот вклучува повеќекратна дискриминација - Ромите биле таргетирани врз основа на две истовремени основи: етничка припадност и припадност на маргинализирана група. Второ, утврдено е дека повредата претставува тековно, продолжено вознемирување, бидејќи видеото останало јавно достапно во моментот на донесувањето на одлуката.

Од особена важност е фактот дека Комисијата го отфрлила одбранбениот аргумент на Темелков во однос на терминот „гупци" - збор кој евоцира на Ромите и означува нечесна, криминална или социјално непожелна личност - констатирајќи дека тој претставува кодиран расистички јазик. Со одлуката се утврдува дека употребата на историски навредливи термини или нејасни изрази заради прикривање на дискриминаторската намера не ги ослободува јавните функционери од одговорност. Ова е особено значајно бидејќи се однесува на употребата на расни кодови за прикривање на дискриминаторската намера - тактика која честопати ја користат политичари од крајната десница за да избегнат одговорност.

Врз основа на тоа, Комисијата донела низа препораки коишто треба да бидат спроведени во рок од 30 дена. Од Темелков се бара да:

- Веднаш го избрише навредливото видео.
- Објави јавно видео извинување со видливост еднаква на онаа на оригиналната објава.
- Се воздржи од какво било понатамошно дискриминаторско постапување.

Одлуката исто така нагласува дека јавните функционери сносат зголемена одговорност за своите изјави, имајќи ги предвид нивното влијание и потенцијалното дејство на нивните зборови во ширењето на нетолеранцијата.

Мустафа Асановски, фасилитатор на ЕЦПР за Северна Македонија ја нагласи важноста на пресудата: „*Таа испраќа јасна порака: антиромскиот говор на омраза е дискриминација, без оглед дали е прикриен преку кодиран јазик или историски навредливи термини. Препознавањето на интерсекциската и тековната природа на оваа штета е витален чекор кон окончување на неказнивоста на јавните функционери*."

Ова соопштение е достапно и на англиски јазик.

**За повеќе информации или барања за интервју:**

**Мустафа Асановски**

Регионален монитор за човекови права
Европски центар за правата на Ромите
mustafa.asanovski@errc.org
+389 77 835 187

**Џонатан Ли**

Директор за застапување и комуникации
Европски центар за правата на Ромите
jonathan.lee@errc.org
+32 49 288 7679